**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-731/4**
**Скопје, 13.11.2006 година**

**До**
**Јавна здравствена установа –**
**Општа болница „Борка Талески„ - Прилеп**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Општа болница „Борка Талески„ - Прилеп (во понатамошниот текст Општа болница) за 2005 година кои се прикажани на страните од 12 до 14.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Општа болница за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

   - Д-р Драги Богојески - В.Д. Директор на Јавна здравствена установа - Општа болница „Борка Талески„ – Прилеп

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 11, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 06.07.2006 година до 18.07.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи и
   - дали се законски засновани побарувањата и обврските

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 07.11.2006 година добиени се забелешки на претходниот извештај на овластениот државен ревизор заведени под број 03-1928/2 од 03.11.2006 година. Истите беа разгледани и точката 11.1.1 е делумно прифатена, додека останатите се одбиени како неосновани.

11. Врз основа на Решение на Министерство за здравство број 13-6486/1 од 09.06.2005 година дел од Јавната здравствена организација – Медицински центар „Борка Талески„ – Прилеп, во кој се врши болничка здравствена заштита и ги исполнува условите по однос на просторот, опремата и кадарот е трансформиран и е пререгистриран во судскиот регистар како Општа болница.
    Со Делбениот биланс на Јавната здравствена организација – Медицински центар „Борка Талески„ – Прилеп, извршен од правните следбеници (Општа болница и Здравствен дом) со дата 04.11.2005 година, Општата болница се стекнала со имот, побарувања и обврски.

12. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***12.1. Неправилна примена на акти:***

12.1.1. Врз основа на Законот за здравствена заштита, а во врска со Решение за именување членови на Управниот одбор број 33-3780/1 од 06.10.2005 година а примени во болницата на 19.10.2006 година, донесено од страна на Владата на Република Македонија, конституиран е Управниот одбор на Општа болница, како орган на управување на првата конституитивна седница на ден 03.11.2005 година, кога е донесен и Статутот на Општа болница. Деловникот за работа на Управниот одбор е донесен на ден 28.12.2005 година, а Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места на работниците е донесен на ден 24.05.2006 година, спротивно на одредбите од Законот за здравствена заштита. Временската неусогласеност во спроведување на законските измени помеѓу Министерство за здравство, Влада на Република Македонија, понатаму и Јавната здравствена установа има за последица ненавремено конституирање на Управниот одбор, како орган на управување и одлучување. Исто така и задоцнетото донесување на интерните акти од страна на Општата болница дава можности за донесувањето на деловни одлуки без правен основ кои понатаму имаат и влијание врз одредени билансни позиции во финансиските извештаи.

**Препорака:**

Донесувањето и спроведувањето на актите да се врши навремено во согласност со постојната законска регулатива.

12.1.2. Не е склучен Договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија за видот, обемот, квалитетот и роковите за остварување на здравствената заштита, односно здравствените услуги, начинот на пресметувањето и плаќањето на здравствените услуги, причините и условите под кои може да се раскине договорот.

Нерегулираните односи помеѓу Општата болница и Фондот во делот на специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита и производството на инфузиони раствори и галенски препарати, како и непочитувањето на одредбите од договорот во делот на примарната заштита, придонесуваат наплатата на здравствените услуги да се врши авансно и тоа во износи за средствата потребни за исплата на плата, надоместоци и други материјални и тековни расходи од работењето, а не во висина на вистински извршените здравствени услуги од страна на Општа болница.

Од страна на Општата болница во текот на ревизијата превземена е иницијатива и поднесено е Барање за склучување договор за остварување на здравствена заштита за 2006 година број 03-749/1 до Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

До завршувањето на ревизијата поднесениот Договор од страна на Фондот не е потпишан од субјектот поради неслагањето со висината на надоместокот за извршените здравствените услуги кој Фондот го утврдил за тековната 2006 година.

Ревизијата смета дека со лимитарање на износот на средства кој Фондот би го исплаќал за извршени здравствени услуги, Општата болница ќе се доведе во ситуација да го ограничи обемот на своето работење преку ограничен прием на пациенти или да врши здравствени услуги кои нема да бидат платени од страна на Фондот и за одреден временски период ќе стане неликвидна со што ќе се доведе во прашање нејзиното функционирање, како и други можни последици по установата и пациентите.

**Препорака:**

Да се превземе иницијатива до надлежните институции за усогласување на утврдениот годишен надоместок за извршените здравствени услуги и да се склучи договор помеѓу Општа болница и Фондот, со што ќе се воспостави систем на договорно финансирање.

12.1.3. Не е донесен финансиски план/план на трошоци и приходи за обезбедување на здравствените услуги на осигурените лица за Општа болница (финансиска рамка за нивото на приходите и расходите претставува 60% од преостанатите приходи и расходи од „Планот на трошоци и приходи за обезбедување на здравствените услуги на осигурените лица за 2005 година„ кој Медицинскиот Центар го доставувал до Фондот за здравствено осигурување на Македонија), спротивно на член 26 од Законот за буџетите. Поради ненавремено конституирање на Управниот одбор, како орган кој го утврдува финанскиот план, Општата болница своето работење го врши без донесен финансиски план, со што постои можност за незаконско и ненаменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

**Препорака:**

Донесувањето на финанскиот план/план на трошоци и приходи за обезбедување на здравствените услуги на осигурените лица да се врши согласно законската регулатива, со што ќе се овозможи наменско



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311* ----------------------------

користење на средствата, како и неможност за превземање на обврски над планираните/одобрените средства.

12.1.4. Општата болница нема обезбедено имотни/поседовни листови за правата на недвижностите со кои располага и управува, спротивно на член 10 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите. Поради тоа што што не се обезбедени имотни листови, придонесува Општа болница за евидентираните материјални средства да не располага со документација за доказ на сопственоста.

**Препорака:**
Во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија, да се превземе иницијатива запишувањето на недвижностите да се изврши по службена дожност, со што согласно член 10 став 2 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, запишувањето ќе биде ослободено од надоместок, а за евидентираните постојани средства ќе располага со доказ за сопственост.

12.1.5. Општа болница финансиските трансакции, односно признавањето на приходите и другите приливи како и расходите и другите одливи во текот на годината ги евидентира според пресметковно сметководство (фактурирана реализација), а на крајот на годината приходите и расходите ги сведува според начелото на парично искажување, спротивно на член 18 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Поради непримена на основното сметководствено начело на парично искажување, ревизијата не беше во можност да се увери во веродостојноста на искажаните билансни позиции.

**Препорака:**
Водењето на сметководството, составувањето и поднесувањето на финансиските извештаи да се врши во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, со цел за точно, вистинито, сигурно, благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции.

12.1.6. Набавката на лекови од Листата на лекови се врши врз основа на доставен Преглед на склучени договори за испорака на лекови помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија и добавувачите, а по претходно спроведени постапки за јавна набавка од страна на Фондот. Со ревизијата на начинот на набавка на лекови констатирани се следните неправилности:
- Прегледот не содржи податоци за количината на лекови кои Општа болница може да ги набави во тековната година преку Болничката аптека за потребите на Општа болница,
- врз набавените количини од страна на Болничка аптека не се врши контрола од страна на Фондот.
Со вака воспоставен начин на набавка на лекови од Листата на лекови, на Општа болница `и се овозможува да врши набавки со кои постои можност да се надминат договорените количини прикажани во Прегледот, спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки.
**Препорака:**
Ревизијата не дава препорака, поради тоа што во периодот додека е вршена ревизијата превземени се мерки и поднесено е Барање до Фондот за доставување Преглед за количините на лекови и медицински материјали кои Општата болница може да ги набави во тековната година

преку Фондот за 2006 година. До завршувањето на ревизијата не е добиен бараниот Преглед од страна на Фондот.

12.1.7. Испораката на лекови и медицински потрошен материјал во Општа болница се врши од страна на Болничката аптека за потребите од лекови и медицински материјал на служби (клиники) во состав на болницата, врз основ на доставени барања од самите служби (клиники) по видови и количини за потребите. За испорачаните количини Болничката аптека нема евиденција за реалните залихи во секоја служба поодделно, спротивно на одредбите од Статутот на Општа болница. Поради неспроведувањето на одредбите од Статутот и невоспоставен систем на контрола на следење и трошење на материјалите во службите (клиники), Општа болница нема увид над реалните залихи и потребата од наведените материјали во секое наредно барање од службите (клиниките) поодделно.

**Препорака:**
Да се воспостават процедури за следење на залихите и нивната потрошувачка, како и да се формираат комисии/работни тела за следење на залихите и потребите од нови набавки на лекови и медицински материјали.

12.1.8. Евидентирани се дадени аванси на добавувачи во земјата во износ од 2.587 илјади денари кои согласно делбениот биланс Општа болница ги наследила од Медицински центар. Истите потекнуваат од минати години (1999 – 2002 година), за кои Медицински центар добил од Фондот книжни известувања за извршени плаќања кон добавувачи во земјата од кои Медицински центар не добил лекови и медицински материјали, други услуги и тоа:

- на АД Медицинска Пластика Тетово во износ од 1.064 илјади денари,
- на Кјуби Македонија Скопје во износ од 598 илјади денари,
- на Интеримпекс Скопје во износ од 713 илјади денари,
- на ГП Пелагонија во износ од 212 илјади денари,

Аванси во износ од 810 илјади денари (ГП Пелагонија и Кјуби Македонија Скопје) на крајот од годината се отпишани без соодветен акт донесен од надлежен орган. За наведените аванси не се превземени мерки и активности од страна на Управниот одбор за поврат, спротивно на одредбите од Законот за облигационите односи, поради што постојат можности овие побарувања да не можат да се наплатат поради застареност.

**Препорака:**
Да се превземат активности за поврат на дадените аванси и доколку за истите се оцени дека се ненаплатливи, надлежниот орган да донесе соодветен акт за отпишување на истите во согласност со Законот за облигационите односи.

12.1.9. Општа болница заклучно со 31.12.2005 година има склучено 53 договори за дело за извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, а не за привремени и повремени работни задачи. Ангажирањето на лицата е извршено спротивно на Законот за работни односи. Непочитувањето на законските прописи, предизвикува незаконско користење на средства во износ од 3.226 илјади денари, како и неможност на ангажираните лица за остварување на права од работен однос.



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311* ----------------------------

**Препорака:**
Општа болница да обезбеди соодветно почитување на законските акти од областа на ангажирањето на лица по договор за дело, а потребата од нови вработувања да ја вршат во соработка со Министерство за здравство и Министерството за финансии согласно позитивната законска регулатива.

**12.2. *Неправилна примена на сметководствени политики и начела-побарувања и обврски:***

12.2.1. Со ревизијата на побарувањата за партиципација - учество на осигуреното лице со лични средства во цената на здравствените услуги и на лекови, констатирани се следните неправилности:

- Не се евидентира побарување за средствата од партиципација кои се плаќаат во службите (клиниките), како и обврската за уплата на истите, како приход на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, спротивно на член 36 од Законот за здравствено осигурување.

*Обврската за партиципација кон Фондот се евидентира во висина на износот на уплатените средства од страна на службите (клиниките).*

Непочитувањето на законската регулатива придонесува побарувањата и обврските кон Фондот по овој основ да се нереално и необјективно искажани, односно во помал износ за 4.153 илјади денари (Прилог број 1);

- Не е воспоставена евиденција за побарувања на средствата од партиципација од секоја работна единица со аналитичка пресметка за обврската на секоја служба (клиника), спротивно на член 7 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Непочитување на законската регулатива и немањето на процедури, придонесува Општата болница да нема евиденција за обврските на секоја служба(клиника), пооделно по овој основ и

- Не се врши уплата на средствата по основ на пресметана и наплатена партиципација на сметката на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, истата се пребива на крајот на годината од износот на авансираните средства од страна на Фондот, спротивно на член 36 од Законот за здравствено осигурување. Поради неуплаќањето на средствата, согласно Записник за извршеното усогласување на меѓусебните обврски и побарувања (аванси и фактури) на ден 31.12.2005 година Општа болница имал обврска кон Фондот по овој основ во износ од 4.209 илјади денари.

Ревизијата констатира обврска на Општа болница кон Фондот на име вкупна партиципација износ од 9.337 илјади денари за 2005 година, која согласно Записникот изнесува 5.284 илјади денари, ревизијата изразува сомневање во точноста на искажаните податоци во „Записник за извршеното усогласување на меѓусебните обврски и побарувања„ помеѓу Фондот и Општа болница и укажува на тоа дека усогласувањето е извршено врз основа на нецелосна, некомплетна и неверодостојна документација од двете страни.

**Препорака:**
Општа болница да врши евидентирање на побарувањата и обврските на секоја работна единица по основ на партиципација во сметководствената евиденција. За обврските по основ на уплатената партиципација од страна на осигурениците да се задолжуваат пооделно: секоја служба (клиника), работна единица, амбуланта и понатаму секое лице кое врши прием на средствата, како и да се донесат процедури/интерни упатства со кои ќе се дефинираат обврските по овој основ во секој сегмент одделно, со што ќе се избегне можноста од затајување и злоупотреба на уплатените

средства, а уплатата кон Фондот да се врши континуирано во текот на годината.

12.2.2. За самостојно укажување на здравствена заштита, здравствените работници полагаат стручен испит заради добивање на лиценца за работа, за која се плаќа паричен надоместок. Општа болница не врши евидентирање во сметководствената евиденција на побарувањата за надоместокот за полагање на стручниот испит, обврската за исплата на надомест на членовите на комисијата како ни обврската за персонален данок по овој основ, спротивно на член 7 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Поради непочитување на законската регулатива, не се евидентирани побарувања и обврски по овој основ, уплатата на надоместокот претставува приход за Општа болница во моментот на уплата на средствата, а надоместокот на членовите на Комисијата расход во моментот на исплата.

**Препорака:**
Општа болница да врши евидентирање на побарувања за полагање на стручен испит, како и обврска за исплата на надоместок за членовите на комисијата, согласно доставените пријави на кандидатите.

12.2.3. Плаќањето на здравствените услуги од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија се врши авансно, а не во висина на реално извршените здравствени услуги во Општа болница, спротивно на член 70 од Законот за здравствено осигурување. Поради воспоставениот начин на финансирање, во текот на 2005 година извршените здравствени услуги се во поголем износ од платените средства од страна на Фондот за износ од 17.305 илјади денари.

**Препорака:**
Да се превземе иницијатива за склучување на договор помеѓу Општа болница и Фондот, како и усогласување на утврдениот годишен надоместок за извршените здравствени услуги согласно кој лимит ќе се врши континуирано плаќање на извршените здрвствени услуги.

12.2.4. Побарувањата од физички лица за извршени здравствени услуги се побарувања од физички лица кои имаат статус на здравствено осигурени лица, но поради неплаќањето на придонесот за здравствено осигурување од страна на работодавците, не можат да ги остварат правата од задолжителното здравствено осигурување. За истите се извршени здравствени услуги, без комлетна документација за доказ на осигурувањето при приемот на лекување, спротивно на член 27 од Законот за здравствено осигурување.
Поради ваквиот начин на прием на пациентите, Општата болница има реализирани здравствени услуги за кои нема искажани побарувања, поради што ревизијата не беше во можност да го определи износот на извршените здравствени услуги.

**Препорака:**
Приемот на пациентите да се врши во согласност со одредбите од Законот. Исто така Фондот треба да превземе мерки во однос на законската регулатива за оваа категорија на осигуреници, бидејќи согласно член 52 од Законот за здравствено осигурување „За

осигурениците за кои Фондот ќе утврди дека придонесот не е редовно уплатуван или уплатата задоцнила повеќе од 60 дена, правата од задолжителното здравствено осигурување на осигурените лица се ускратуваат, освен правото на итна медицинска помош„.
Истите сеуште се во редовен работен однос и се дел од осигурениците кои се осигуруваат задолжително согласно член 5 од Законот за здравствено осигурување, а немаат можност за остварување на правата од задолжително здравствено осигурување.

12.2.5. Со примена на постапките за независно усогласување за побарувањата, од вкупно испратените конфирмации добиени се 22,22%, од кои 100% не се усогласени со евиденцијата на Општата болница. Со примена на постапките за независно усогласување за обврските, од вкупно испратените конфирмации добиени се 19,05%, од кои 70,00% се усогласени, додека 25,00% не се усогласени со евиденцијата на Општа болница.

## 12.3. *Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба:*

12.3.1. Со ревизија на залихите на материјали, констатирани се следните неправилности:
- не е донесена Одлука за метод на мерење на залихите на материјали, спротивно на Меѓународен сметководствен стандард Залихи. Поради непримена на законската регулатива, ревизијата не беше во можност да се увери во веродостојноста на прикажаните вредности на залихата на материјалите на ден 31.12.2005 година;
- при евидентирањето на залихите во текот на годината не се применуваат одредбите за Признавање на приходите и трошоците од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници на целокупната залиха, според кои потрошокот на материјалите во тековната година се смета за расход, доколку е платен во пресметковниот период, освен расходите за трошење на храна, медицински материјали и лекови, кои се признаваат во моментот и во висина на настанувањето на вистинското трошење, спротивно на наведениот Правилник, поради што за набавка на медицински материјали и лекови и потрошената храна на ден 31.12.2005 година евидентиран е износ од 43.396 илјади денари, за кој потрошок прикажани се расходи во износ од 43.780 илјади денари, односно постои неусогласеност во износ од 384 илјади денари (Прилог број 2);

**Препорака:**
Општата болница да превземе мерки за донесување и воспоставување на соодветни сметководствени политики и начела: за евидентирање, издавање и признавање на материјалите, храната и ситниот инвентар како трошок, со што ќе се овозможи следење на реалниот потрошок на материјалите, намалување на можноста од злоупотреба при управување и користење, како и утврдување на одговорност во случај на отстапување на состојбата на истите.

12.3.2. Постои неусогласеност помеѓу позициите Постојани средства и Извори на капиталните средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2005 година во износ од 35.195 илјади денари и тоа:
- помеѓу позициите Материјални средства и Државен-јавен капитал во износ од 25.811 илјади денари поради непримена на основното сметководствено начело на парично искажување и неизвршено

усогласување на сметките при превзмање на почетните салда (согласно делбениот биланс Општа болница наследила неусогласеност во износ од 32.450 илјади денари ) и

- помеѓу позициите Материјали, резервни делови и ситен инвентар (залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност), Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и Останат капитал во износ од 9.384 илјади денари поради неевидентирање на залихите на лекови и медицински материјали и долгорочните вложувања како останат капитал (согласно делбениот биланс Општа болница наследила неусогласеност во износ од 9.360 илјади денари), спротивно на член 18 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници што придонесува билансните позиции искажани во финансиските извештаи да се нереални и необјективни.

**Препорака:**

Општата болница да изврши усогласување на состојбата на сметките согласно начелото на парично искажување.

12.3.3. Позициите Постојани средства и Извори на капиталните средства во Билансот на состојба на ден 04.07.2005 година се искажани во поголем износ за 55.822 илјади денари поради:

- евидентиран градежен објект - инфективно одделение, физикална терапија и други пратечки содржини во износ од 54.822 илјади денари започнат со градба по Договор број 02-3331/15 од 25.07.2002 година, а склучен помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија и ЗДОО „Инженеринг Теракота„ увоз-извоз ДОО Прилеп, со средства обезбедени од продажбата на АД „Македонски телекомуникации„ Скопје одобрени со ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2001 година во износ од 2.000.000 ДЕМ. Во Договорот како инвеститор се јавува Фондот за здравствено осигурување на Македонија, каде и е евидентиран објектот во изградба и

- евидентиран градежен објект - бунари во износ од 1.000 илјади денари за кој на ревизијата ни и беше приложена документација со која може да се потврди ниту вредноста, ниту сопственоста, спротивно на член 18 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници што придонесува билансните позиции искажани во финансиските извештаи да се нереални и необјективни

**Препорака:**

Општа болница да изврши корекција на состојбата на материјалните средства и нивните извори искажани на ден 04.07.2005 година (како нивни почетни состојби), согласно фактичката состојба на имотот со кој располагаат и управуваат.

12.3.4. Деловниот фонд во Билансот на состојба е искажан во поголем износ за 6.396 илјади денари поради:

- Зголемување на обврските кон добавувачи во земјата за лекови и медицински материјали во износ од 2.584 илјади денари, поради неевидентирани превземени обврски по делбен биланс и

- намалување на примените аванси од Фондот за здравствено осигурување на Македонија во износ од 8.980 илјади денари поради тоа што примените аванси се однесувале за исплата на плата и надоместоци на плата за вработени на Здравствен дом - Прилеп за месец 07.2005



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311* ----------------------------

година, спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Поради ваквиот начин на евиденција билансните позиции се нереално и необјективно прикажани.

**Препорака:**
Општа болница евидентирање на финансиските трансакции да го врши согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

12.3.5. Со Програмите за здравствена заштита донесени од страна на Владата на Република Македонија утврдени се мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица. За дел од извршените здравствени услуги по одделни Програми, за износот на средствата за здравствени услуги и лекови на осигурените лица, намалени за износот на партиципацијата, не е склучен Договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија за регулирање на меѓусебните односи, спротивно на одредбите од Програмите за здравствена заштита. Поради нерегулираните односи помеѓу Општа болница и Фондот, како и поради неевидентирање на побарувања кон Министерство за здравство за реализирани здравствени услуги, ревизијата не беше во можност да го определи износот на извршените здравствени услуги.

**Препорака:**
Општа болница да склучи договор со Фондот со што ќе се регулира начинот на наплата на побарувањата за извршените здравствени услуги согласно Програмите.

**12.4.** ***Ненаменско и незаконско користење на средства:***

12.4.1. ***Направени расходи без претходно обезбедени средства со буџет на соодветни ставки и спротивно на законските прописи***

- Општа болница нема донесено соодветен акт за правото на користење на службени мобилни телефони односно утврдување на дозволениот лимит на направени трошоци по корисник, спротивно на Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката. Отсуството на соодветен акт за утврдување и регулирање на соодветното право го оневозможува следењето на законското и наменското трошење на средствата.

  **Препорака:**
  Општа болница да донесе акт за регулирање на правото на користењето на службените мобилни телефони како и висината на месечното ограничување по корисник.

12.4.2. ***Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки***

- Не е склучен договор за извршување на групна набавка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија за набавки на лекови и медицински материјали, спротивно на член 13 од Законот за јавни набавки.
- Превземени се обврски за набавка на стоки и услуги без спроведена постапка за јавна набавка во износ од 2.273 илјади денари (Прилог бр.3).

Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки придонесува примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите, повластена положба на одредени добавувачи и можност за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**
Спроведувањето на набавките да се врши во согласност со Законот за јавни набавки.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 12.1, 12.2. и 12.3. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Јавна здравствена установа Општа болница „Борка Талески„ - Прилеп на ден 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласносо важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 12.1. до 12.4. кај Јавна здравствена установа Општа болница „Борка Талески„ - Прилеп остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

15. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 12.2 кај Јавна здравствена установа Општа болница „Борка Талески„ - Прилеп побарувањата и обврските со состојба на 31 декември 2005 година, се законски засновани, согласно регулативата што важи во Република Македонија.

16. Во тек се судски постапки, чиј исход ќе има влијание на износот на обврските на Општа болница и тоа: по основ на обврски кон добавувачи на набавка на лекови и материјали во износ од 553 илјади денари и по основ на работни спорови во вредност од 450 илјади денари.

**Скопје, 08.11.2006 година** **Овластен државен ревизор**


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311* ----------------------------

**Јавна здравствена установа Општа болница "Борка Талески" Прилеп**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образлож** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | | 9,338 | - |
| Трансфери и донации | | 129,233 | - |
| **Вкупно приходи** | | **138,571** | - |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | | 80,124 | - |
| Стоки и услуги | | 60,598 | - |
| Каматни плаќања | | 25 | - |
| **Вкупно тековни расходи** | | **140,747** | - |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | | 623 | - |
| **Вкупно капитални расходи** | | **623** | - |
| **Вкупно расходи** | | **141,370** | - |
| **Непокриени расходи** | | **2,799** | - |

***** за 2004 година нема податоци, поради трансформација на Јавна здравствена организација Медицински центар Прилеп на ден 04.07.2005 година во нов субјект Јавна здравствена установа Општа болница Прилеп

**Јавна здравствена установа Општа болница "Борка Талески" Прилеп**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 05.07.2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 7 | 438 |
| Побарувања | | 62,145 | 48,468 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | | 7,190 | 3,118 |
| Побарувања од вработените | | 26 | 76 |
| Побарувања од државата и други институции | | 77 | 117 |
| Активни временски разграничувања | | 15,462 | 14,038 |
| Залихи | | 18,304 | 18,647 |
| **Вкупно тековни средства** | | **103,211** | **84,902** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | | 138,163 | 144,260 |
| Материјални средства во подготовка | | 37 | - |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | | 185 | 185 |
| **Вкупно постојани средства** | | **138,385** | **144,445** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | | 40,133 | 37,334 |
| **Вкупна актива** | | **281,729** | **266,681** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | 79,090 | 75,714 |
| Примени аванси, депозити и кауции | | 239 | 12 |
| Краткорочни финансиски обврски | | 54 | - |
| Финансиски и пресметковни односи | | 24,137 | 19,984 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | | 10,986 | 20,958 |
| Пасивни временски разграничувања | | 45,729 | 28,731 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **160,235** | **145,399** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | | 121,494 | 121,282 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **121,494** | **121,282** |
| **Вкупна пасива** | | **281,729** | **266,681** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311* ----------------------------

**Јавна здравствена установа Општа болница "Борка Талески" Прилеп**

## ПРЕГЛЕД

## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **111,810** | **9,472** | **121,282** |
| **Зголемување по основ на:** | **9,982** | **7,958** | **17,940** |
| Набавки | 759 | 7,958 | **8,717** |
| Погрешна сметководствена евиденција | 9,223 | - | **9,223** |
| **Намалување по основ на:** | **9,403** | **8,325** | **17,728** |
| Корекции по ревизија | 2,584 | - | **2,584** |
| Амортизација | 6,714 | - | **6,714** |
| Потрошок | - | 8,325 | **8,325** |
| Расход по попис | 105 | - | **105** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **112,389** | **9,105** | **121,494** |